СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
Стопанска Интересна Заедница
Бр. 0101-204/09
30.06 2009 год.
СКОПЈЕ

Јавна научна установа
Институт за национална историја
Бр. 03-188/1
30·06·2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на потребите и заложбите за зачувување на културното наследство од Егејска Македонија, **Сојуз на стопански комори на Македонија** иницираше и разработи проект за објавување на збирки со животни приказни на децата бегалци, фотографии, документи, народни песни, артефакти и генеолошки стебла на фамилии на деца бегалци и заедно со **Институт за национална историја** потпишаа:

# МЕМОРАНДУМ

*за долгорочна, заедничка соработка и помош во остварување на проектот „Заштита и архивирање на културно наследство од Егејска Македонија"*

Во духот на неопходната соработка и зачувување на културното наследство од Егејска Македонија, а со цел да се запомни вистината за бегалците од Егејска Македонија преку објавување на збирки на македонски и англиски јазик со:

- Животните приказни на децата бегалци
- Фотографии на лица и на мотиви од секојдневниот живот
- Фотографии на села и населби, станбени, религиозни и други објекти
- Генеолошки стебла на фамилии на бегалците
- Документи за животот на населението
- Народни песни и разни артефакти од културното наследство

двете потписнички страни се согласија да се залагаат за заедничка соработка при планирањето, организирањето и спроведувањето на проектните активности за достигнување на целите формулирани со проектот "Заштита и архивирање на културно наследство од Егејска Македонија", иницииран од Сојуз на стопански комори на Македонија, спроведуван во соработка со Институт за национална историја.

| Сојуз на стопански комори на Македонија | Институт за национална историја |
|---|---|
| Златко Калеников, претседател | Тодор Чепреганов, директор |

Скопје, јуни 2009 година